Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

Бр. 08-6661/1
27.10 2020 година
Скопје - Shkup

До
Друштвата за неживотно осигурување

Предмет: Винкулирање на правата кај договори за осигурување на одговорност од класата 13

Почитувани,

Врз основа на Вашите одговори на циркуларниот допис испратен до сите друштва за неживотно осигурување на 6.10.2020 година, Агенцијата за супервизија на осигурување доби потврда дека на пазарот на осигурување се појавува пракса на винкулирање на правата кај договори за осигурување на одговорност од класата 13, односно член 5 став (1) точка 5) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 98/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 188/2013, 30/2014, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019 и 31/2020).

Имено, сублимирајќи ги Вашите одговори Агенцијата за супервизија на осигурување констатира дека оваа пракса произлегува како резултат на задоволување на барањата на Вашите клиенти со цел да се испочитуваат обврски од договори за закуп, лизинг, или обврски кои се предвидени во тендерска документација.

Во таа насока, Ве известуваме дека друштвата за осигурување не смеат да винкулираат права од договор за осигурување од класа 13 по барање на договарачот на осигурувањето односно осигуреникот со оглед дека правата од договорот за осигурување припаѓаат на трето лице, а не на договарачот на осигурување односно осигуреникот.

Drejtuar
Shoqërive të Sigurimeve Jo-Jetë

Lënda: Vinkulimi i të drejtave në kontratat e sigurimit të përgjegjësisë të klasës 13

Të nderuar,

Bazuar në përgjigjet Juaja të shkresës qarkore dërguar të gjitha shoqërive të sigurimeve jo-jetë më 6.10.2020, Agjencia e Mbikëqyrjes së Sigurimeve ka marrë konfirmimin se në tregun e sigurimeve po paraqitet praktika e vinkulimit të të drejtave në kontratat e sigurimit të përgjegjësisë të klasës 13 , respektivisht neni 5 paragrafi (1) pika 5) i Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" Nr. 27/2002, 98/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 188/2013, 30/2014, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe 198/2018 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/2019 dhe 31/2020).

Gjegjësisht, duke përmbledhur përgjigjet tuaja, Agjencia e Mbikëqyrjes së Sigurimeve arrin në përfundimin se kjo praktikë lind si rezultat i përmbushjes së kërkesave të klientëve tuaj për të përmbushur detyrimet e qiramarrjes, lizingut ose detyrimet e parashikuara në dokumentacionin e tenderit.

Në lidhje me këtë, ju informojmë se shoqëritë e sigurimeve nuk duhet të vinkulojnë të drejtat nga kontrata e sigurimit të klasit 13 me kërkesë të kontraktorit të sigurimit, përkatësisht të të siguruarit, duke marrë parasysh që të drejtat nga kontrata e sigurimit i përkasin një pale të tretë, dhe jo kontraktorit të sigurimit respektivisht të siguruarit.

Во интерес на унапредување на осигурителната пракса во земјата, Друштвата за осигурување треба да ја прекинат оваа пракса, а на своите клиенти да им предложат решенија во дозволените законски рамки.

Në interes të përmirësimit të praktikës së sigurimeve në vend, Shoqëritë e Sigurimeve duhet të ndalojnë zbatimin e kësaj praktike dhe klientëve të tyre t'u propozojnë zgjidhje brenda kornizës ligjore të lejuar.

Со почит,

Me respekt,

Претседател на Советот на експерти

Крсте Шајноски

Kryetarti i Këshillit të Ekspertëve

Kërste Shajnoski